# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров | 31 Јули 2018 година |
| Излегува по потреба | Скопје |
| | Бр.11 Год. XIII |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


***Содржина:***


1. Одлука за давање на користење на недвижност на неопределено време за отворање на канцеларија за администрирање на правата од областа на социјална заштита и заштита на децата на Центарот за социјална работа-Скопје ......стр.2
2. Одлука за измена на распоред на средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година ......стр.4
3. Одлука за откупување на дел од акциите на ФК „Македонија -Ѓорче Петров 1932“ АД-Скопје ......стр.6
4. Одлука за доделување финансиски средства на ФК Македонија - Ѓорче Петров 1932 АД Скопје ......стр.8
5. Одлука за измена и дополна на програмата ЕА - Капитални расходи на општинска ад министрација за набавка на основни средства за потребите на Општина Ѓорче Петров за 2018 година ......стр.10
6. Одлука за измена и дополна на програмата N1-Основно образование, за изградба и реконструкција на огради во ООУ Димитар Поп Георгиев-Беровски и ООПУ Димитар Поп Георгиев-Беровски,Хром, Општина Ѓорче Петров ......стр.12
7. Одлука за доискористување на средствата од кредитот за изградба на канализациона мрежа долж ул.Радушка и ул.Црногорска ......стр.14
8. Одлука за утврдување на потреба за поставување на времени објекти на подрачјето на Општина Ѓорче Петров ......стр.16
9. Одлука за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Ѓорче Петров ......стр.18
10. Одлука за вршење техничка исправка во УПС Кучково со разработка на карактеристичен блок, Општина Ѓорче Петров, Скопје (донесен со одлука бр.08-3758/10 од 22.12.2016 година) ......стр.20
11. Одлука за доделување финансиски средства на РК „АНГЕЛИ ВАРДАР“- Волково, Скопје ......стр.22


**Јули 2018 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање на користење на недвижност на неопределено време за отворање на канцеларија за администрирање на правата од областа на социјална заштита и заштита на децата**

Се објавува Одлуката за давање на користење на недвижност на неопределено време за отворање на канцеларија за администрирање на правата од областа на социјална заштита и заштита на децата на Центарот за социјална работа-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четиринаесеттата седница на Советот, одржана на ден 31.07.2018 година.

**Број 09-2739/1**
**од 31.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 64 став 3 од Законот за локална самоуправа, (Службен Весник на Република Макеоднија бр. 5/02), член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите на општинската сопственост (Службен Весник на Република Македонија бр. 78/15, 106/15, 153/15 и 190/16 Консолидиран текст) и член 16 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на статутот на Општина Ѓорче Петров, Советот на општина Ѓорче Петров на 14-тата седница одржана на ден 31.07.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на користење на недвижност на неопределено време за отворање на канцеларија за администрирање на правата од областа на социјална заштита и заштита на децата**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Ѓорче Петров дава на користење недвижност на неопределено време, односно просторија со површина од 15,12 м2, која се наоѓа на ул.Лука Геров 6.6. во Скопје, КП бр.2336 број на зграда 1, намена на зграда В4-8 (органи на локална самоуправа), влез 1, кат ПР, број 1, намена по посебен дел од зграда ДП (деловни простории), со право на сопственост на Општина Ѓорче Петров, опишано во Имотен лист бр.42440 за КО Ѓорче Петров 5-Лепенец, за отворање на канцеларија за администрирање на правата од областа на социјалната заштита и заштита на децата на Центарот за социјална работа - Скопје.

**Член 2**

Согласно член 1 од оваа Одлука, просторијата се дава на користење на неопределено време, а адаптацијата, опремувањето и сите тековни давачки за истата ќе ги обезбеди Министерството за труд и социјална политика на Р.М.

Режиските трошоци, односно трошоци за вода, електрична енергија, греење и друго, ќе бидат на товар на Општина Ѓорче Петров.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-2664/3**
**од 31.07.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена на распоред на средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година**

Се објавува Одлуката за измена на распоред на средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четиринаесеттата седница на Советот, одржана на ден 31.07.2018 година.

**Број 09-2739/2**
**од 31.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р бр.5/2002), член 28 точка 1 од Законот за финансирање на единици на локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15) и член 15 точка 2 од Статутот на општина Ѓорче Петров-пречистен текст (Сл.весник на општина Ѓорче Петров (Сл.гласник на општина Ѓорче Петров бр. 18/13) и Статутарна Одлука за измени и дополнувања на Статутот на општина Ѓорче Петров (Сл.гласник на општина Ѓорче Петров бр. 13/14), Советот на општина Ѓорче Петров на 14-тата седница одржана на 31.07.2018 година донесе:

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров**

**за 2018 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров

за 2018 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **E00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 427110 | Привремени вработувања | 1.600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **EA0** | **КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 481230 | Реконструкција на деловни објекти | -600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **FA0** | **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (КАПИТАЛНИ ТРС** | | | | | |
| 482920 | Изградба на други објекти | -1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката за пренамена на средствата влегува во сила со денот на донесувањето и стан составен дел на Буџетот на општина Ѓорче Петров, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Ѓорче Петров.

Бр. 08-2664/4
31.07.2018

Претседател на Советот на Општината
**Илија Спасовски**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за откупување на дел од акциите на ФК „Македонија -Ѓорче Петров 1932" АД-Скопје**

Се објавува Одлуката за откупување на дел од акциите на ФК „Македонија -Ѓорче Петров 1932" АД-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четиринаесеттата седница на Советот, одржана на ден 31.07.2018 година.

**Број 09-2739/3**
**од 31.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 точка 10 и точка 15, од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/02), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 14-тата Седница одржана на ден 31.07.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за давање согласност за откупување на дел од акции од ФК „Македонија -Ѓорче Петров 1932" АД-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општината Ѓорче Петров дава согласност за откупување на дел од акциите на ФК „Македонија -Ѓорче Петров 1932" АД-Скопје, со вкупен капитал на акционерското друштво во износ од 25.000,00 Евра со номинална вредност од 100,00 Евра по акција, односно откупување до 25% од акциите во вредност од 6.200,00 евра во денарска противвредност .

**Член 2**

Средствата за откупување до 25% од акциите во вредност од 6,200.00 Евра во денарска противвредност, ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година број 08-3724/3 од 26.12.2017 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.20/2017).

Се задолжува Секторот за финансиски прашања за реализација на активностоте од член 1 на оваа Одлука, во согласност со позитивната законска регулатива.

**Член 3**

Советот на Општина Ѓорче Петров, по завршување на постапката за откупување на акциите опишани во член 1 на оваа Одлука, ќе номинира двајца овластени претставници од советот, кои ќе ги вршат работите од надлежност на собранието на акционерското друштво.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-2664/5**
**од 31.07.2018 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за доделување финансиски средства на ФК Македонија - Ѓорче Петров 1932 АД Скопје**

Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства на ФК Македонија - Ѓорче Петров 1932 АД Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четиринаесеттата седница на Советот, одржана на ден 31.07.2018 година.

**Број 09-2739/4**
**од 31.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), член 22-а од Законот за спорт (Службен Весник на Р.М. бр. 29/2002; 66/2004; 83/2005; 81/2008; 18/2011; 51/2011; 64/2012; 148/2013; 187/2013; 42/2014; 138/2014; 177/2014; 72/2015; 153/2015; 6/2016; 55/2016; 61/2016 и 106/2016), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година број 08-3724/4 од 26.12.2017 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.20/2017), Советот на Општина Ѓорче Петров на 14-тата Седница одржана на ден 31.07.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиски средства на ФК Македонија - Ѓорче Петров 1932" АД Скопје**

**Член 1**

На Товар на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година - Л0 Спорт и рекреација- позиција 463120 - Трансфер до спортски клубови, на ФК „Македонија - Ѓорче Петров 1932" АД-Скопје, се доделува износ од 3.075.000,00 денари, како финасиска подршка за покривање на трошоци за тековни активности, односно натпреварувачки подготовки, одигрување на пријателски натпревари, средување на просториите во подтрибинскиот простор, плаќање котизација за натпреварување, набавка на спортска опрема и реквизити за тренажен процес, а се со цел за континуирано задржување и учество во Прва Македонска Лига.

**Член 2**

Со донесување на оваа Одлука, ФК Македонија – Ѓорче Петров 1932 АД-Скопје, по завршување на активностите опишани во барањето бр. 05-2015/1 од 04.06.2018 година, се обврзува да поднесе деталн финансов извештај до општината за потрошените финансиски средства добиени од општината, поткрепен со финансиска документација, согласно член 4 од Меморандумот за соработка со Општина Ѓорче Петров, број 03-683/1 од 19.02.2018 година.

**Член 3**

Средствата да се уплатат на ФК Македонија – Ѓорче Петров 1932 АД-Скопје, на жиро сметка број 280 1041019972 68, СИЛК РОУД Банка а.д.-Скопје.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-2664/6**
**од 31.07.2018 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена и дополна на програмата ЕА - Капитални расходи на општинска ад министрација за набавка на основни средства за потребите на Општина Ѓорче Петров за 2018 година**

Се објавува Одлуката за измена и дополна на програмата ЕА - Капитални расходи на општинска ад министрација за набавка на основни средства за потребите на Општина Ѓорче Петров за 2018 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четиринаесеттата седница на Советот, одржана на ден 31.07.2018 година.

**Број 09-2739/5**
**од 31.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на Р.М. број 5/02), член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Член 95 од Законот за градежно земјиште (Службен весник на Р.М. број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16 и 142/16), член 16 став 1, точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарна одлука за измена и доплнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 14-тата Седница одржана на ден 31.07.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**За измена и дополна на програмата ЕА - Капитални расходи за општинска администрација за набавка на основни средства за потребите на Општина Ѓорче Петров за 2018година**

**Член1**

Се врши дополна на програмата ЕА-Капитални расходи за општинска администрација во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година, каде што од предвидените средства во програмата, треба да се издвојат средства во висина од 3.500.000 денари за набавка на основни средства за потреба на Општина Ѓорче Петров, и тоа:

- Моторно возило камион-кипер со носивост до 10м3-15т,
- Машина ровокопач, со предна корпа за утовар и задна корпа за ископ и
- Косилки за трева-Тримери 2 и моторна пила за кастрење гранки со продолжена сателитска рачка.

**Член2**

Се задолжува секторот за урбанистичко планирање, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој, да спроведе постапка за набавка на планираните средства.

**Член3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-2664/7**
**од 31.07.2018 година**
**С к о п је**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена и дополна на програмата N1-Основно образование, за изградба и реконструкција на огради во ООУ „Димитар Поп Георгиев-Беровски“ и ООПУ „Димитар Поп Георгиев-Беровски“, Хром, Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за измена и дополна на програмата N1-Основно образование, за изградба и реконструкција на огради во ООУ „Димитар Поп Георгиев-Беровски“ и ООПУ „Димитар Поп Георгиев-Беровски“, Хром, Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четиринаесеттата седница на Советот, одржана на ден 31.07.2018 година.

**Број 09-2739/6**
**од 31.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на Р.М. број 5/02), член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Член 95 од Законот за градежно земјиште (Службен весник на Р.М. број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16 и 142/16), член 16 став 1, точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарна одлука за измена и доплнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 14-тата Седница одржана на ден 31.07.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**За измена и дополна на програмата N1-Основно образование за обезбедување на средства за изградба-реконструкција на огради во во ООУ Димитар Поп Георгиев-Беровски и ООПУ Димитар Поп Георгиев-Беровски, Хром, Општина Ѓорче Петров**

**Член1**

Се врши измена и дополна на програмата N1-Основно образование во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година, каде од веќе планираните средства во програмата се издвојуваат средства во висина од 3.750.000 денари, за изградба-реконструкција на огради во ООУ Димитар Поп Георгиев-Беровски и ООПУ Димитар Поп Георгиев-Беровски, Хром, Општина Ѓорче Петров.

**Член2**

Се задолжува секторот за урбанистичко планирање, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој, да спроведе постапка за набавка на планираните средства.

**Член3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-2664/8** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 31.07.2018 година** **Претседател,**
**С к о п је** **Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за доискористување на средствата**
**од кредитот за изградба на канализациона мрежа**
**долж ул.Радушка и ул.Црногорска**

Се објавува Одлуката за доискористување на средствата од кредитот за изградба на канализациона мрежа долж ул.Радушка и ул.Црногорска, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четиринаесеттата седница на Советот, одржана на ден 31.07.2018 година.

**Број 09-2739/7**
**од 31.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на Р.М. број 5/02), член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Член 95 од Законот за градежно земјиште (Службен весник на Р.М. број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16 и 142/16), член 16 став 1, точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарна одлука за измена и доплнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 14-тата Седница одржана на ден 31.07.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**Одлука за доискористување на средствата од кредитот за изградбана канализациона мрежа и реконструкција на коловозот на ул.Радушка и ул.Црногорска, Општина Ѓорче Петров**

**Член1**

Се врши дополна на програмата ЈД- изградба и реконструкција на локални патишта и сервисни улици, каде што остатокот од неискористените средства во висина од 13.000.000 денари, ќе се искористат за изградба на канализациона мрежа и реконструкција на коловозот на ул. Радушка и ул.Црногорска, Општина Ѓорче Петров.

**Член2**

Се задолжува секторот за урбанистичко планирање, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој, да спроведе постапка за набавка на планираните средства.

**Член3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-2664/9**
**од 31.07.2018 година**
**С к о п је**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на потреба за поставување на времени објекти на подрачјето на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за поставување на времени објекти на подрачјето на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четиринаесеттата седница на Советот, одржана на ден 31.07.2018 година.

**Број 09-2739/8**
**од 31.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 79 и 81 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11 , 13/12, 144/13, 25/13 и 79/13,137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16,114/16, 132/16, 35/18 и 64/18), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 14-тата Седница одржана на ден 31.07.2018 година, донесе:

## О Д Л У К А

### за утврдување на потреба за поставување на времени објекти на подрачјето на Општина Ѓорче Петров

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за поставување на времени објекти на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

За реализирање на потребата за поставување на времени објекти потребно е да се изготви Програма за поставување на времени објекти на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.

**Член 3**

Програмата за поставување на времени објекти на подрачјето на општина Ѓорче Петров треба да се изработи согласно Законот за градење и согласно Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Градот Скопје(Службен гласник на Град Скопје бр.03/10; 03/11; 18/11; 11/14, 16/15 и 5/18).

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-2664/10**
**од 31.07.2018 година**
**С к о п је**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четиринаесеттата седница на Советот, одржана на ден 31.07.2018 година.

**Број 09-2739/9**
**од 31.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 80,80а и 81 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11 , 13/12, 144/13, 25/13 и 79/13,137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16,114/16, 132/16, 35/18 и 64/18), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 14-тата Седница одржана на ден 31.07.2018 година, донесе:

# О Д Л У К А

## за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Ѓорче Петров

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.

### Член 2

За реализирање на потребата за поставување на урбана опрема потребно е да се изготви Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.

### Член 3

Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Ѓорче Петров треба да се изработи согласно Законот за градење и согласно Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Градот Скопје(Службен гласник на Град Скопје бр.03/10; 03/11; 18/11; 11/14, 16/15 и 5/18).

### Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-2664/11**
**од 31.07.2018 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за вршење техничка исправка во УПС Кучково со разработка на карактеристичен блок, Општина Ѓорче Петров, Скопје**
**(донесен со одлука бр.08-3758/10 од 22.12.2016 година)**

Се објавува Одлуката за вршење техничка исправка во УПС Кучково со разработка на карактеристичен блок, Општина Ѓорче Петров, Скопје (донесен со одлука бр.08-3758/10 од 22.12.2016 година), што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четиринаесеттата седница на Советот, одржана на ден 31.07.2018 година.

**Број 09-2739/10**
**од 31.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 83 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.Македонија бр. 199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16 и 64/18) и член 16 став (1) точка 14 и точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013"), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 13/2014"),Советот на Општина Ѓорче Петров на 14-тата Седница одржана на ден 31.07.2018 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за вршење техничка исправка во УПС Кучково со разработка на карактеристичен блок, Општина Ѓорче Петров, Скопје (донесен со одлука бр.08-3758/10 од 22.12.2016 година)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши техничка исправка во УПС Кучково со разработка на карактеристичен блок, Општина Ѓорче Петров, Скопје (донесен со одлука бр.08-3758/10 од 22.12.2016 година), по добиено позитивно мислење од комисијата за урбанизам формирана со Решение од Градоначалник на Општина Ѓорче Петров со број 25-882/1 од 08.03.2017 година и добиена согласност од Министерство за транспорт и врски.

**Член 2**

Техничката исправка се однесува на усогласување на намената на блок 20 во графичките прилози од планската документација со намената во текстуалниот дел и нумеричките показатели од планската документација во УПС Кучково со разработка на карактеристичен блок, Општина Ѓорче Петров, Скопје (донесен со одлука бр.08-3758/10 од 22.12.2016 година).

**Член 3**

Техничка исправка во УПС Кучково со разработка на карактеристичен блок, Општина Ѓорче Петров, Скопје (донесен со одлука бр.08-3758/10 од 22.12.2016 година), е составен дел на оваа Одлука и составен дел на урбанистичкиот план.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-2664/12**
**од 31.07.2018 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за доделување финансиски средства**
**на РК „АНГЕЛИ ВАРДАР“- Волково, Скопје**

Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства на РК „АНГЕЛИ ВАРДАР“- Волково, Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четиринаесеттата седница на Советот, одржана на ден 31.07.2018 година.

**Број 09-2739/11**
**од 31.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 11 став 1 алинеа 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за спорт (Службен Весник на Р.М. бр. 18/2011), член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година број 08-3724/4 од 26.12.2017 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.19/2017), Советот на Општина Ѓорче Петров на 14-тата Седница одржана на ден 31.07.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиски средства на РК „АНГЕЛИ ВАРДАР"**
**Волково, Скопје**

**Член 1**

На Товар на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година - Л0 Спорт и рекреација- позиција 463120 - Трансфер до спортски клубови, на РК „АНГЕЛИ ВАРДАР"-Волково, Скопје, се доделува износ од 200.000,00 денари, како финасиска подршка натпреварувачка сезона 2018/2019, што подразбира натпревари во пионерска ракометна категорија, купување на потребна спортска опрема за играчи, ракометни топки, реквизити за тренинзи и оперативни трошоци за организација.

**Член 2**

Со донесување на оваа Одлука, РК „АНГЕЛИ ВАРДАР"-Волково, Скопје, се обврзува да потпише меморандум за соработка со Општина Ѓорче Петров, а по завршување на активностите опишани во барањето бр. 05-2721/1 од 30.07.2018 година, да поднесат детален финансов извештај до општината за потрошените финансиски средства добиени од општината, поткрепен со финансиска документација.

**Член 3**

Средствата да се уплатат на име РК „АНГЕЛИ ВАРДАР"-Волково, Скопје, на жиро сметка број 210071726800133, ЕДБ 4044016513069, НЛБ Тутинска Банка а.д.-Скопје.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-2664/13**
**од 31.07.2018 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**